Уп. бр. 08-103

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвата АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, доставено преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 21.08.2024 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне контрола над СУПЕРНОВА ЧАЗМА д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Авенија Вечеслава Холјевца 62, Загреб, Република Хрватска и СН ДУБИЦА д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Авенија Вечеслава Холјевца 62, Загреб, како и индиректна контрола над друштвата: Чазма енергија д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Новачиќа Милана 7, Град Чазма, Република Хрватска и Дубица енергија д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Новачиќа Милана 7, Град Чазма, Република Хрватска, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000, оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 22.07.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвата АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, со која АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. ќе стекне контрола над СУПЕРНОВА ЧАЗМА д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Авенија Вечеслава Холјевца 62, Загреб, Република Хрватска и СН ДУБИЦА д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Авенија Вечеслава Холјевца 62, Загреб, како и индиректна контрола над друштвата: Чазма енергија д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Новачиќа Милана 7, Град Чазма, Република Хрватска и Дубица енергија д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Новачиќа Милана 7, Град Чазма, Република Хрватска, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о.** е словенечко друштво за управување со алтернативни инвестициски фондови, основано кон крајот на 2020 година, со регистрирана главна дејност – управување со фондови. АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. управува со специјализиран инвестициски фонд АЛФИ зелени извори на енергија, Специјален инвестициски фонд, со регистрирано седиште на адреса улица Веровшкова 55А, 1000 Љубљана, Република Словенија кој извршува активност на вложување на средства, собрани од различни инвеститори согласно неговата политика за инвестирање, во ветерни и фотонапонски електрани кои произведуваат електрична енергија преку трансформација на ветерна и сончева енергија како природни обновливи ресурси, по можност во фазата на изградба или во подоцнежната фаза на развој. Во примарен фокус на инвестирање на АЛФИ зелени извори на енергија се Словенија, Хрватска и Србија.

Портфолиото на друштва кое во поширока смисла ги опфаќа АЛФИ Ренуаблс и АЛФИ Грин Енерџи Фонд, како и нивните поврзани друштва во понатамошниот текст ќе биде означено како: „Алфи Група“.

Алфи Групата е активна првенствено во управување со инвестиции и имот, особено во областите на малопродажба, наплата на долгови и други алтернативни инвестиции. Алфи Групата врши анализа на потенцијални инвестиции и управува

со инвестициските фондови, додека самото управување со инвестициите делумно им е доверено на други друштва во групата.

Во својот поширок состав Алфи Групата го има следното зависно друштво регистрирано во Северна Македонија:

-Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, со регистрирана приоритена дејност-теговија на големо со други производи. Друштвото е активно со продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

- **СУПЕРНОВА ЧАЗМА д.о.о**. е друштво со посебна намена, основано на 3 октомври 2023 година во Република Хрватска, со регистрирана приоритетна дејност-производство на електрична енергија.

Како услов за стекнување од страна на подносителот-АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со 100% од уделите во целното друштво-СУПЕРНОВА ЧАЗМА д.о.о., СУПЕРНОВА ЧАЗМА д.о.о. непосредно пред спроведувањето на предложената трансакција ќе се стекне со 100% од уделите во друштвото Чазма енергија од сегашниот и единствен содружник во друштвото Чазма енергија - г. Томислав Китониќ, државјанин на Република Хрватска, со живеалиште на Бојана 2, 43240 Бојана, Република Хрватска.

Друштвото Чазма енергија е основано на 24 март 2023 година и го има развиено проектот за фотонапонска електроцентрала „Чазма" во Бјеловарско-билогорската жупанија, Република Хрватска, со проектиран капацитет за приклучок од 90 MW. Чазма енергија поседува одреден имот, дозволи и права за развој и изградба на фотонапонска електроцентрала „Чазма".

Друштвото СУПЕРНОВА ЧАЗМА д.о.о. (вклучувајќи го друштвото Чазма енергија) нема регистрирани зависни друштва ниту остварува приходи во Република Северна Македонија.

-**СН ДУБИЦА д.о.о.** е друштво со посебна намена основано на 3 октомври 2023 година во Република Хрватска, со регистрирана приоритетна дејност-производство на електрична енергија.

Како услов за стекнување со 100% од уделите во целното друштво СН ДУБИЦА д.о.о. од страна на подноситело- АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., СН ДУБИЦА д.о.о. непосредно пред спроведувањето на предложената трансакција ќе се стекне со 100% од уделите во друштвото Дубица енергија од сегашниот и единствен содружник во друштвото Дубица енергија - г. Томислав Китониќ државјанин на Република Хрватска, со живеалиште на Бојана 2, 43240 Бојана, Република Хрватска.

Друштвото Дубица енергија е основано на 15 јуни 2023 година и го има развиено проектот за фотонапонска електроцентрала „Дубица" во Сисачко-мославаската жупанија, Република Хрватска, со проектиран капацитет за приклучок од 90 MW. Дубица енергија поседува одреден имот, дозволи и права за развој и изградба на фотонапонска електроцентрала „*Дубица*". Но, Дубица енергија сѐ уште не е активна на пазарот, нема инсталирани капацитети и нема остварено било каков приход, но по завршувањето на изградбата на фотонапонска електроцентрала „Дубица" ќе врши дејност - експлоатација на фотонапонска електроцентрала, односно производство и продажба на електрична енергија добиена од сончева енергија во Република Хрватска.

СН ДУБИЦА д.о.о. вклучувајќи го друштвото Дубица енергија нема регистрирани зависни друштва ниту остварува приходи во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**